Согласно на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на РМ„ бр. 58/2000, 44/2002 и 88/2008) и член 47 од Законот за безбедност и здравје при работа („Службен весник на РМ„ бр. 92/07), а во врска со член 45 од Законот за безбедност и здравје при работа, Министерот за труд и социјална политика, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ПОСТАПКАТА И ВИСИНАТА НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ВРШЕЊЕ НА СТРУЧНИ РАБОТИ ЗА БЕЗБЕДНОСТ ПРИ РАБОТА НА ПРАВНОТО ИЛИ ФИЗИЧКОТО ЛИЦЕ

## Член 1

(1) Со овој правилник се уредува постапката и висината на трошоците за издавање на овластување за вршење на стручни работи за безбедност при работа на правното или физичкото лице.

## Член 2

(1) Согласно со овој правилник правното или физичкото лице може да добие овластување за вршење на стручни работи за безбедност при работа, доколку ги исполнува условите уредени со Правилникот за условите за вработените, организацијата, техничките и други услови кои треба да ги исполни правното или физичкото лице за вршење на стручни работи за безбедност при работа.

## Член 3

(1) Правното или физичкото лице, поднесува пријава со приложување на докази за исполнетите услови до министерот надлежен за работите од областа на трудот, во која назначува за која стручна работа бара овластување.

(2) Пријавата е составен дел на овој правилник - Прилог 1.

## Член 4

(1) Министерот надлежен за работите од областа на трудот, со одлука формира Комисија за утврдување на условите кај правното или физичкото лице за издавање на овластување за вршење на стручните работи.

(2) Комисијата врз основа на доставената документација и извршениот увид кај правното или физичкото лице подготвува Записник за утврдената фактичката состојба со мислење за исполнетост на условите за кои е поднесена пријавата.

(3) Врз основа на мислењето на комисијата, министерот надлежен за работите од областа на трудот издава овластување за вршење на стручни работи за безбедност при работа.

(4) Овластувањето за вршење на стручни работи за безбедност при работа на правното или физичкото лице, се објавува во Web страница на министерството.

Член 5

(1) Комисијата за утврдување на условите кај правното или физичкото лице за издавање на овластување за вршење на стручните работи, се состои од претседател и 4 члена.

(2) За претседателот и членовите се именуваат заменици.

(3) Претседателот, и тројца членови и нивните заменици се државни службеници од Министерството надлежно за работите од областа на трудот, а другиот член и неговиот заменик се стручни лица за безбедност при работа.

(4) При назначување на Комисијата во предвид се земаат стручноста и компетентноста на лицата.

Член 6

(1) Висината на трошоците кои треба да ги плати правното или физичко лице за добивање на овластување за вршење на стручните работи за безбедност при работа согласно со член 2 од овој правилник е дадена во следнава табела:

| Ред.број | Стручни работи за безбедност при работа | висина во евра (во денарска противвредност) |
|---|---|---|
| 1 | Проценка на ризик | 300 евра |
| 2 | Редовно тестирање и контрола на опремата за работа | 300 евра |
| 3 | Концепт на изјава за безбедност | 300 евра |
| 4 | Изработка и спроведување на програми за обука на вработените за безбедно извршување на работата | 300 евра |
| 5 | Периодични мерења на хемиските, физичките и биолошки штетности и на микроклиматските услови во работната средина | |
| 5.1 | Периодични мерења на хемиските штетности | 150 евра |
| 5.2 | Периодични мерења на физичките штетности | 150 евра |
| 5.3 | Периодични мерења на биолошките штетности | 150 евра |

(2) Овластеното правно или физичко лице за периодични мерења на хемиските, физичките и биолошките штетности може да врши периодични мерења и на микроклиматските услови во работната средина.

(3) Трошоците кои треба да ги плати правното или физичкото лице за добивање на овластување за вршење на стручните работи за безбедност при работа се уплаќаат на сметка на Буџетот на Република Македонија.

(4) Трошоците се плаќаат при поднесување на пријава за добивање на овластување за стручни работи за безбедност при работа.

Член 7

(1) Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Web страница на министерството.

Министер за труд и социјална политика
Xhelal Bajrami

Прилог 1

Место за заверка на Министерство за труд и социјална политика

# П Р И Ј А В А

за издавање на овластување за вршење на стручни работи од областа на безбедност при работа

| | | |
|---|---|---|
| Назив на правното или физичкото лице | | |
| Адреса(седиште) на правното или физичкото лице според уписот во Централниот регистар | | |
| ЕМБС | Место | Дата |
| | | |
| Даночен број | | |
| Телефон/Факс | Web страна | |
| | | |
| Адреса на деловната просторија каде се врши дејноста | | |
| Стручна работа за која се поднесува пријавата | | |
| Дата на одземање на дозволата | | |
| Податоци за одговорното лице | | |
| Име и презиме | | |
| Телефон | | |
| Е-маил | | |

М.П. Одговорно лице

___________

Прилог 2

**Република Македонија**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА**

Врз основа на член 45 од Законот за безбедност и здравје при работа („Службен весник на РМ бр.92/07“) и Правилникот за условите за вработените, организацијата, техничките и другите услови кои треба да ги исполни правното или физичкото лице за вршење стручни работи („Службен весник на РМ бр.37/08“), министерот за труд и социјална политика го издава следново

# ОВЛАСТУВАЊЕ

за вршење на стручни работи за безбедноста при работа

____________________________________________________

____________________________________________________
(правно или физичко лице)

____________________________________________________
(адреса на седиште)

____________________________________________________
(адреса на деловна просторија) (ЕМБС)

Евидентен број _________ **Министер за труд и социјална политика**

Дата на издавање______________

М.П.